# ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

КНИГА ПРВА

ПОВОДОМ 130. ОБЉЕТНИЦЕ ОСНИВАЊА ХРВАТСКО - СЛАВОНСКОГ ШУМАРСКОГ ДРУШТВА И 100 - ГОДИШЊИЦЕ НЕПРЕКИДНОГ ИЗЛАЖЕЊА "ШУМАРСКОГ ЛИСТА"-

-САВЕЗ ИНЖЕЊЕРА И ТЕХНИЧАРА ШУМАРСТВА И ИНДУСТРИЈЕ ЗА ПРЕРАДУ ДРВЕТА МАКЕДОНИЈЕ ПОКЛАЊА ОВО ИЗДАЊЕ У ЗНАК САРАДЊЕ И ПРИЈАТЕЉСТВА!

СКОПЈЕ

ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА — СКОПЈЕ

# ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

КНИГА ПРВА

ОД ПРЕДИСТОРИСКОТО ВРЕМЕ ДО КРАЈОТ НА XVIII ВЕК

ИЗДАВА: НИП „НОВА МАКЕДОНИЈА" — ЗАЕДНИЦА ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ: КНИГИ, ПЕРИОДИКА И ПУБЛИЦИСТИКА — СКОПЈЕ.

СКОПЈЕ, 1969 ГОДИНА

## *П Р Е Д Г О В О Р*

*Идејата за пишување Историја на македонскиот народ има своја подалечна предисторија. Уште во времето на националната преродба Ѓорѓи Пулевски се зафатил со пишување на „Славјано - македонска општа историја“. Национално - романтичарските и идеализаторски обележја надвладуваат во таа прва рудиментарна проекција во македонското минато. Нешто подруго не би можело и да се очекува од автор што е понесен од желбата за пионерско служење на својата првична национална пробуда. Но несомнена е значајноста на настојувањето да се изрази — макар и со еден своевиден пробив во светот на историското — јасна свест за феноменот на македонската национална самобитност. Во таа смисла обидот на Пулевски се обележува во прв ред како сугестивен показател за своевремено отпочнатиот процес на народносна поларизација и кај нас.*

*Од гледиштето на научната функционалност посебно се истакнува во нашиот историографски фонд книгата на Крсте Петков Мисирков „За македонските работи“, која се појавува во историската 1903 година. Таа книга не е историја, но во неа се вклучени и, со елементи на научна аргументираност, разгледани клучни прашања од историските процеси низ кои се гради нашата национална карактериологија. Уште тогаш е даден непобитен одговор на стожерното прашање за националната специфика на македонските Словени. Констатациите и аргументите во тоа дело со научничка фундираност се покажаа како прифатливи и за поновите проучувања на македонскиот национален феномен.*

*И во уште еден судбоносен момент од минатото на македонскиот народ е сторен обид за поопфатен показ на неговата историска битност. Во моментот кога стана дефинитивно јасно дека со Балканските војни се преследува поделбата на Македонија, во листот „Македонскиј голос“, кој излегуваше во Санкт Петербург под редакција на Чуповски,*